There are no translations available.

Во рамките на проектот „ENPOL – EE”, од програмата за прекугранична соработка „Interreg – IPA CBC Грција-Р.Северна Македонија”, во периодот од 2014 – 2020 година, Општина Неготино го организира четвртиот инфо ден кој ја обработува темата „Користење на одржливи извори на енергија и нивно значење”.
Обновливи енергии е поим кој се користи за да се опише групата на енергетски технологии кои произлегуваат од извори кои не се исцрпуваат или пак можат да се надополнат во текот на еден човечки живот. Обновливите енергии се важни бидејќи претставуваат чист извор на енергија, што значи дека не произведуваат непосредно емисии на стакленички гасови и други загадувачи на воздухот. Ве покануваме да присуствувате на четвртиот инфо ден на тема „Користење на одржливи извори на енергија и нивно значење” кој ќе се одржи на 27.10.2020 (вторник) во Општина Неготино, со почеток од 10:50 часот.
Проектот „Енергетска ефикасност во прекуграничниот регион како индикативен фактор за политика на животната средина” со акроним „ENPOL – EE”, се реализира во партнерска соработка на Општина Неготино, Средно општинското училиште „Св.Кирил и Методиј” - Неготино, Општина Пела и Општинското јавно претпријатие за култура и развој на Пела од Грција .
Во прилог на поканата можете да ја погледнете и агендата.

Покана и Агенда